Борче ИЛИЕВСКИ

УДК: 323(497.1):325:297-05„1918/1941“

# ПОЛИТИКА НА КРАЛСТВОТО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА КОН МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА НА ТУРСКОТО И МУСЛИМАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА 1918–1941 ГОДИНА

***Кратка содржина***

*Воените порази и повлекувањето на Османлиското царство од балканските земји во XIX и почетокот на XX век биле причина за значајни етнички и демографски промени на Балканот. Иселувањето на турското и муслиманското население од Македонија по Балканските војни било само продолжение на еден подолготраен процес, кој претходно се одвивал во соседните земји. Од Вардарскиот дел на Македонија се иселувале како Турците, така и дел од Македонците муслимани и Албанците. По создавањето на Кралството на СХС/Југословиаја, југословенските влади, особено во триесетите години настојувале по примерот на Грција, Бугарија и Романија да склучат договор со Турција за организирано иселување на дел од турското, но и друго муслиманско, пред се албанско население. Во 1938 година југословенската и турската влада потпишале Конвенција за иселување на 40.000 турски и муслимански семејства од територијата на Југославија, односно од Македонија и Косово. Заради внатрешните отпори, надворешните притисоци и почетокот на Втората светска војна оваа Конвенција не била ратификувана од двете земји.*

***Клучни зборови***: *БАЛКАНСКИ ВОЈНИ, МИГРАЦИИ, ТУРЦИ, МУСЛИМАНСКО НАСЕЛЕНИЕ, КОНВЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛУВАЊЕ, ТУРЦИЈА, КРАЛСТВО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА*

На почетокот на XX век Македонија во своите географски граници, како и повеќето балкански земји пред ослободувањето од османлиската власт претставувала еден етнички мозаик. Особено градовите на Балканот по правило биле вистинска мешавина на вери, култури и јазици што е карактеристика на сите поголеми балкански градови во османлискиот период.[1] Врз етничката слика на Македонија на почетокот на XX век, меѓу другото влијаеле и политичките промени на Балканот во последните децении на

---

[1] Kemal H. Karpat, Otoman Population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes, Madison, 1985, 45

XIX век, односно создавањето на независни држави и нивното територијално проширување, после што, како по правило следувале етнички и верски преселби и разместување на населението.[2]

Целта на овој прилог е да го прикаже иселување на турското и муслиманското население од Македонија по Балканските војни, како еден долготраен и континуиран процес. Турците, благодарејќи на петвековното владеење со Македонија успеале да се населат во речиси сите нејзини делови.[3] Според проценките од почетокот на XX век на географската територија на Македонија живееле 495.000 Турци.[4] Непосредно пред Балканските војни нивниот број се проценува на околу 540.000 Турци.[5]

Воените порази на Османлиското царство од втората половина на XIX век силно влијаеле на самодовербата кај балканските Турци, како и кај најголемиот број на муслимани доведувајќи до далекусежни морални и интелектуални кризи.[6] Поразот во Балканските војни, а потоа и распадот на Османлиското царство довеле до крупни промени на целиот Балкан, а една од последиците на тие промени била масовната миграција на Турците и добар дел од другите муслимани кон Турција.[7] Турците, но и народите со „турска култура" честопати водени од своите верски чувства пропаста

[2] Dimitrije Djordjevic, Migrations During the 1912-1913 Balkan Wars and World War One, Migrations in Balkan History, Belgrade, 1989, 115

[3] Йорданъ Ивановъ, Българите въ Македония, София, 1917; Александар Стојановски, Градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век- демографски проучувања, Скопје, 1981. Колонизираните малоазијци најмногу во XV и XVI век, главно ги населувале градовите, а некои од нив, како Битола, Скопје, Штип, Драма и др. во т.н. класичен период од османлиската држава биле доминантно турски

[4] Васил Кънчов, Македония етнография и статистика, второ фототипно издание,София, 1996, 283

[5] Йорданъ Ивановъ, op. cit, 105. Доколку ги спoредиме бројките кои ги даваат споменатите истражувачи од почетокот на XX век, само на територијата која ја опфаќа денешна Р. Македонија на почетокот на XX век, живееле околу 175.000 Турци или околу 19% од вкупното население.

[6] Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941), Almanah, br. 29-30, Podgorica, 2001. 202 (www.almanah.cg.yu/ostale/PGF/casopis/Almanah%2029-30.pdf) Мошне добар пример е Источна Румелија каде до војните од 1877/78 живееле околу 290.000 муслимански жители од најразлично етничко потекло (Турци, Помаци, Татари и др.), додека после војните и политичките промени кои настанале на овој простор не останале повеќе од 140.000 муслимани. (Kemal H. Karpat, Otoman population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes...,50)

[7] Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine-između stihije i državne akcije, Zbornik Pisati istoriju Jugoslavije: Viđenje srpskog faktora, Beograd, 2007, 80 (www.inisbgd.co.rs/celo/zb_1.pdf)

на Османлиското царство ја доживувале како сопствена несреќа.[8] Војните во периодот 1912-1918 година само го потврдиле правилото дека на Балканот значајните политички промени со себе најчесто носат и етнички промени и поместувања.[9]

Со право во извештајот на Карнегиевата балканска комисија од 1914 година се истакнува дека Првата балканска војна и поразот на турската армија „ги ослободила со векови насобраните омрази и одмазди. За неколку месеци ги направи угнетуваните христијани господари и судии на своите муслимански врховни господари." Всушност поразот на турските војски значел „нешто повеќе од политичка промена, тој ги променил односите на освојувачот и кметот..."[10] Еден помал дел од турското и муслиманското население се повлеко со турската војска за време на војните.[11] Тоа главно биле дотогашните носители на турската власт.[12] Меѓу првите кои од Ма-

---

[8] Набљудувачите на процесот на иселување на турското население од првата половина на XX век ова движење го објаснуваат со несакањето на Турците да живеат под „туѓ суд и туѓа власт". „Довчерашните господари заминувале за Мала Азија сметајќи го тоа како судбина, како к'смет". (Мита Костић, Из историје колонизације Јужне Србије крајем прошлог века, Гласник скопског научног друштва, књ. 12, Скопље, 1933, 235)

[9] Мил. С. Филиповић, Етничке прилике у Јужној Србији, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937,428

[10] Поранешните балкански војни (1912-1913) извештај на Карнегиевата балканска комисија, Скопје, 2000, 103

[11] Во многу села целото турско население се повлекло заедно со турската војска. Така 1912 година со повлекувањето на турската војска се иселиле и Турците од селата Орел. Мустафино и Ерџелија во Овчеполието (Jovan F. Trifunoski, Ovčepoljska kotlina, Zbornik za narodni život i običaje, knjiga 42, Zagreb, 1964, 643). Дел од турското население се повлекло заедно со војската и од кочанските села Калиманци, Оризари, Долни Подлог и Грдовци. (истиот, Кочанска котлина сеоска насеља и становништво, Скопје, 1970, 49) Во периодот 1912/1914 година од Тиквешката област се иселиле околу 500 турски и муслимански семејства. Најмногу биле од селата Долни Дисан 36 семејства, Тимјаник 10 семејства, Курија 22 семејства, Возарци 10 семејства, Кошарка 15 семејства итн. (Воислав Радовановић, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 243-498), Јован Хаџи Васиљевиќ за муслиманите од спомантатите села од Тиквешко пишува „Секаде, дома зборуваат само српски. И надвор најмногу зборуваат само српски. Само мажите знаат турски". Во тиквешката област до 1913 година живееле околу 18.000 „потурчењаци", и живееле во 27 населби во областа.(Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви, Браство, књига 32, Београд, 1925, 43). Бугарскиот етнограф В. К'нчов за муслиманското население во Тиквеш пишува: „Потурчените Бугари живеат во 27 села и сочинуваат половина од населението на Тиквеш." Тој населението на Тиквеш кон крајот на XIX век го проценува на околу 47.000 жители од кои 17.961 „Бугари муслимани" и само 2.076 Турци. (Васил Кънчов, Македония етнография и статистика...,50, 156)

[12] Како последица на иселувањето на дел од турското население за време на војните значително опаднал бројот на населението во повеќе градови во вардарскиот дел на Македонија. Кон крајот на XIX век во Кратово живееле околу 4.500 жители, во Крива Паланка 4.340, во Пехчево околу 4.000, во Штип 20.900 жители, а во Радовиш 6.230. (Васил Кънчов, Македония етнография и статистика...,221, 224, 228, 230, 233). Според официјалната српска статистика од 1914 година наведените градови бележат значително

кедонија заедно со турската војска се повлекувале кон Цариград и Анадолија биле т.н мухаџирите. Овие бегалци Турци, Босанско-херцеговски муслимани, Албанци и Помаци биле населени во Македонија после војните 1876-1878 година од Србија, Бугарија и Босна и Херцеговина.[13]

Странските известувачи пишувале дека до крајот на март 1914 година од областите заземени од Грција се иселиле 24.296 муслимани, од Бугарија 45.900, а од областите кои ги заземала Србија околу 60.000 муслимани. [14] Повлекувањето на дел од турското население било поттикнато и од убиствата кои ги правеле победничките војски.[15]

Освен Турците, за време на воените дејствија се иселувале и дел од муслиманите од најразлично етничко потекло.[16] Меѓу иселениците имало и Албанци од градовите кои заради верата се идентифукувале со Османлиската држава.[17] Во воените дејствија настрадале и некои села во кои живеело

---

намалување на населението. Во Кратово живееле 2.770 жители, во К. Паланка 1.893, во Пехчево останале само 694, Штип изгубил 1/4 од населението, а Радовиш 1/3. (Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима израдио Мил. Ант. Вујовић, Београд, 1914, 27, 31, 34, 72, 74)..

[13] Safet Bandžović, Bošnjački muhadžiri u Makedoniji krajem XIX i tokom XX stoljeća, Almanah, br. 21-22, Podgorica, 2003, 156; Александар Апостолов, Колонизацијата на мухаџирите во Македонија и растројството на чифчиските односи од крајот на XIX век до 1912 година, Гласник на ИНИ, IV/1-2, Скопје, 1960, 113-132; Се проценува дека околу два милиони луѓе до крајот на XIX век, христијани и муслимани ги напуштиле своите домови и се преселиле (Milan St. Protić, Migrations resulting from peasnt upheavals in Serbia during the 19 th century, Migrations in Balkan History. Department of history of University of Californija, Santa Barbara, Belgrade, 1989, 94 ; Според статистичките и демографските проучувања во периодот 1878-1912 година, од територијата на Бугарија се иселиле околу 350.000 муслимани од кои голем број Помаци, иселувањето било особено масовно во периодот по 1885 година, кога земјата ја напуштиле околу 250.000 муслимански жители. (Очерк за ислямизираните българи и националновъзродителния процес, Христо Христов (ред.) Георги Янков (сьст.), София, 1989, 50)

[14] Vladan Jovanović, In search of homeland? Muslim migration from Yugoslaviia to Turkey 1918-1941, Tokovi Istorije, br.1-2/2008, Beograd, 2008, 57 (www.inisbgd.co.rs/celo/2008_1.pdf)

[15] Карактеристичен е случајот во Струмица. Градот во есента 1912 година бил под мешана контрола, имало и српски и бугарски војски. Биле изврше повеќе убиства на локални Турци за кои потоа бугарскиот воен суд осудил на повеќегодишни затворски казни некои бугарски службеници и вооружени лица. Според турските бегалци во градот за кратко време биле убиени 3-4.000 лица, додека проценките на американските набљудувачи се движеле меѓу седум до осум стотини убиени. (Поранешните балкански војни (1912-1913) извештај на Карнегиевата балканска комисија..., 106)

[16] По релативно кратко време престој на територијата на Македонија муслиманското население по потекло од Босна и Херцеговина и дел од Црна Гора за време на војните или веднаш по нив се повлекле од населбите во кои ги населила турската власт по 1878 и 1908 година. Босанско-херцеговските мухаџири се повлекле речиси од сите села во кои биле населени во околината на Скопје, освен од Хасанбегово (Сингилиќ). (М. Филиповић, Бошњаци у околини Скопља, Преглед, књ. VII/V, Сарајево, 1931, 264

[17] Јордан Иванов пишува „Албанците лишени од писменост и цврсто национално чувство лесно потпаѓаат под туѓо влијание кога ќе се најдат во туѓа средина...Битолските, ох-

албанско население, а еден помал дел од населението се повлекло со турската војска.[18]

Војните во периодот 1912-1918 година, допринеле за значајно намалување на населението во Вардарскиот дел на Македонија. Според официјалните статистички податоци во 1921 година на овој простор живееле околу 798.000 жители, од кои 118.752, односно 14.78% биле Турци.[19] Доколку ги споредиме овие податоци со проценките на Јордан Иванов, за етничката структура во Македонија непосредно пред Балканските војни, бројот на турското население се намалил за повеќе од 55.000. Турското население веќе не било мнозинство во ниту еден од поголемите градови,[20] а нивниот

---

ридските, струшките, скопските, гостиварските турски жители се состојат главно од Албанци". (Йордань Ивановь, Op. cit, 58); Јован Хаџи Васиљевиќ во 1911 година пишува: „Денес во Битола има многу богати турски фамилии, кои по своето скорешно потекло се Арнаути, но никако несмее ниту да им се спомене дека не се вистински Турци и Азијати". Зборувајки за турското население во Скопје кон крајот на XIX век Васил К'нчов пишува: „...Тоа население не се состои од чисти Турци, туку во него има голем примес на Арнаути. Тие две народности во Скопје неможат да се одделат, бидејќи албанските семејства брзо се слеале со турските и го усвоиле турскиот јазик. Веројатно 1/3 од турското население во градот е од арнаутско потекло". (Васил Кънчов, Град Скопие, Белешки за неговото настояще и минало, Избрани произведения, том први, София, 1970, 30)

[18] Во скопско од српската војска било опожарено селото Јазирце на север од Скопје, во подножјето на Скопска Црна Гора, заради убиството на еден српски војник од заседа од локалните Албанци. По палењето, селото не било обновено, а селаните се разбегале во Скопје и Турција. (Jovan F. Trifunoski, Raseljena sela u skopskoj kotlini, Zbornik za narodni život i običaje, knjiga 43, Zagreb, 1963, 612). И во Кумановско настрадале некои села населени со албанско население. (види Јован Ф. Трифуноски, Кумановска област, сеоска насеља и становништво, Скопје, 1974, 8-19). Во воените дејствија на Балканскчте војни настрадале еден број на села населени со албанско население во дотогашните Скопски и Битолски вилаети. (види: Йордань Ивановь, Op. cit, 58-59).

[19] Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево 1932, 88-123.

[20] Во Гостивар Турците претставувале 77.5% од вкупното население (3.743), во Тетово биле регистрирани 6.432 Турци, односно 43% од населението во градот, додека во Скопје од вкупно 40.666 жители 13.980 или 34% се декларирале Турци, односно со турски мајчин јазик. (ibidem, 113, 116-117); Во однос на етничката структура на населението во Гостивар единствениот македонски град во кој по Првата светска војна Турците биле мнозинство ќе наведеме неколку видувања од пред балканските војни. Ѓорче Петров во 1896 пишува: „Гостивар има 850 куќи Муслиманите се повеќе Арнаути, но има и Турци. Христијаните се Бугари, Власи и Латини (трговци од Скадар) и неколку Евреи касапи." (Материяли за проучуване на Македония, София, 426). Според српскиот истражувач Светозар Томиќ во 1905 година, кога го посетил градот Гостивар во него живееле околу 3.400 жители, од кои само 17 куќи биле христијански. За останатото население авторот наведува дека било „арнаутско" но дека меѓу нив имало доста Османлии кои веќе кон почетокот на XX век „по говорот, носијата и начинот на живот се прави Арнаути". (Светозар Томић, Скопље-Тетово-Гостивар-Маврово-Галичник, Браство, књига 29, Нови Сад 1923, 221)

број значително се намалил и во областите во кои биле мнозинство до војните, како Штипско, Радовишко, делови од јужно Повардарие.[21]

Со создавањето на Кралството на Србите Хрватите и Словенците, турското и другото муслиманско население од Македонија било вклучено во политичкиот живот на државата главно преку организацијата Џемиет. Оваа политичка организација од 1919-1925 година, ги собирала поранешните аги и бегови и муслиманскиот клир од турската и албанската средина, со цел да се бори за правата на муслиманите,[22] а во основа да ги штити интересите на поранешните чифликсајбии кои биле загрозени од аграрната реформа.[23] Всушност, преку Џемиетот владеачките српски радикали со кого биле во коалиција им се спротиставувале на српските опозициони партии, бидејќи на изборите ги користеле гласовите на муслиманското население од Македонија и Косово.[24] Државата преку малцинскиот договор потпишан во декември 1919 година во Сен Жермен се обврзала меѓу другото и за посебна заштита на муслиманските жители на Кралството.[25] Но самостојниот настап на Џемиет на парламентарните избори во 1923 година, на кои освоил 14 мандати предизвикал сериозна загриженост кај српските

---

[21] Статистичките податоци секогаш треба критички да се анализираат. Така според официјалните статистички податоци. во општина Горно Количани во околината на Скопје каде што живеело албанско и македонско население со муслиманска вероисповест се наведуваат 1.111 жители Турци и 1.414 Албанци. (Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године..., 114-115) Очигледно Македонците муслимани од селата Долно Количани и Пагаруша се запишни како Турци. Во Радолишта Струшко, не живеело турско население ниту во османлискиот период, според овие податоци таму се попишани 530 Турци. Тука дел од албанското население е заведено како турско.

[22] Турците во Кралството СХС/Југославија немале посебни малцински права, но имале слобода на вероисповед, верски училишта, сибијан мектеби итн. Медреси и мектеби кои постоеле речиси при секоја џамија и биле масовно посетувани од турските и муслиманските деца, честопати и за сметка на редовните училишта. (Виолета Ачкоска, Иселувањето на Турците од НР. Македонија по Втотрата светска војна (1945-1960), Историја, XXXVIII/1-2, Скопје, 2002, 90). Во Скопје била отворена медресата наречена „Крал Александар I“, која што од државата била призназна и рангирана како редовно верско средно училиште. Во учебната 1938/39 година во Вардарскиот дел на Македонија работеле 297 сибијан мектеби со над 14.000 ученици, а истовремено во медресата „Крал Александар I“ се школувале 223 ученици. (види: Глигор Тодоровски, Осврт на верскиот и општествениот живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето, Гласник на ИНИ, 40/2, Скопје, 1996, 112)

[23] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, 26

[24] Vladan Jovanović, In search of homeland? Muslim migration from Yugoslaviia to Turkey 1918-1941...,57-58. На изборите 1920 година Џемиет во коалиција со радикалите освоил осум пратенички места.

[25] Со договорот владата се обврзала прашањата на семејното право и личниот статус да се регулираат во согласност со муслиманските обичаи. Кралството презело и обврска за заштита на муслиманските верски установи и др. (Владимир Ортаковски, Меѓународната положба на малцинствата, Скопје, 1996, 98)

владеачки кругови. Во 1924 година скопската жупанија го забранила весникот „Хак", кој излегувал благодарејќи на финансирањето локалните Турци, заради наводно објавување на антидржавни текстови, по што и партијата во 1925 година била распуштена.[26]

Ваквата политика на државата, но и отвореноста на Турција за прифаќање на Турците и воопшто муслиманите од балканските држави придонело бројот на иселениците да се зголемува. По потпишувањето на Лозанскиот мировен договор и размената на населението, во согласност со грчко-турската конвенција за задолжителната размена на населението од јануари 1923 година,[27] Турција и понатаму склучувала конвенции и договори со балканските држави за прифаќање на турските иселеници. Во Анкара на 18 октомври 1925 година бил потпишан турско-бугарски договор за доброволно иселување на Турците од Бугарија и Бугарите од Турција. Дополнителни договори на Турција со Бугарија за иселување на турското население биле постигнати во 1936/37 година.[28] Турција и Романија 1934 година потпишале конвенција за иселување на турското население од Добруџа.

Турција била поучена од искуството на распадот на повеќенационалните држави какво што било и Османлиското царство, заради што се стремела за создавање на етнички хомогена држава. На Турција и биле потребни балканските турски и муслимански доселеници и заради населување на областите кои ги напуштиле Грците и Ерменците.[29] Ваквата политика била заокружена со донесувањето на Законот за колонизација во 1934 година, кој го опфаќал и прашањето за населување на Турци од балканските држави. Турција предвидувала за релативно кратко време да насели околу 600.000 Турци и други муслимани од балканските држави. Турските влади сметале дека некогашните муслимански поданици од Балканот имаат ле-

[26] Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine-između stihije i državne akcije...,83; istiot, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju „neslovenskog elementa" u Tursku (1935), Prilozi, br 35, Sarajevo, 2006, 108 (www.iis.unsa.ba/izdavačka djelatnost/periodika/prilozi_35pdf)

[27] Види: Владимир Ортаковски, Меѓународната положба на малцинствата...,161; Стојан Киселиновски, Ирена Ставови-Кавка, Малцинствата на Балканот (XX век), Скопје, 2004, 58-59; Владимир Ортаковски, Положбата на малцинствата во Грција и Албанија, Гласник на ИНИ, 41/1-2. Скопје, 1997, 55

[28] Иселувањето на турското население од Бугарија меѓу двете светски војни било масовно. Според одредени извори само во периодот 1935-1940 година од Бугарија во Турција се иселиле околу 95.000 Турци. Види: Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941)..., 223-224

[29] Освен тоа Турција сакала да ги насели граничните области на југоистокот на земјата, односно да насели лојално население во областите во кои доминирале Курдите.

гитимно право да се населат во Турција. Во турските политички кругови турските и муслиманските доселеници од балканските држави ги сметале за турски национален спомен за земјите кои ги изгубиле.[30]

Дел од турското население од Македонија, пред се економски помоќното од градските и селските средини продолжило да мигрира во Турција, особено од средината на дваесетите години. Многу населби го смениле својот дотогашен демографски и етнички лик.[31]

Иселувањето небило карактеристично само за Македонија. Според статистичките податоци, и теренските истражувања вакви движења имало и во други области на тогашното Кралство.[32] Во дваесетите и триесетите

---

[30] Safet Bandžović, Ratovi i demografska deosmanizacija Balkana, Prilozi, br. 32, Sarajevo, 2003, 214; Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine-između stihije i državne akcije...,82

[31] Турците целосно напуштиле повеќе села во сливот на Брегалница, во Повардариeто, Овче Поле и други области. Во текот на дваесетите и триесетите години од XX век, најпрвин се иселувале побогатите Турци. Македонците тоа го коментирале најчесто „тогаш заминаа газдите." Ќе наведеме неколку примери на иселување. Во Кочанската котлина иселувањето било масовно во втората половина на дваесетите години. Од селата Облешево и Бања се иселиле сите турски жители. Од Зрновци во периодот 1922-28 година се иселиле околу 90 главно побогати семејства. Во истиот период од Теранци се иселиле 120 семејства, од Мородвис 75, а иселувања имало и од Видобиште, Блатец, Пекљани и други села во областа. (Јован Ф. Трифуноски, Кочанска котлина сеоска насеља и становништво..., 53-151). Во Овчеполската котлина во периодот 1923-28 година се иселиле сите турски жители на селата Пеширово, Амзабегово, Мало Црнилиште и голем број на семејства од другите села. Само во периодот 1924-27 од селото Горобинци се иселиле 70 семејства. (Jovan F. Trifunoski, Ovčepoljska kotlina...,666-762) Од големото турско село Иванковци во околината на Велес во периодот од 1912 до 1930 година, се иселило половината од турското население, а на нивно место на крајот од дваесетите години започнало да се доселува македонско население од Кривопаланечко и Кратовско. (Миљенко С. Филиповић, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 532-566)

[32] Според проучувањата на д-р Атанасије Урошевиќ во селата на Косовската котлина од Балканските војни до 1935 година во Турција се иселиле 844 албански семејства и семејства на „поарбанашени Срби", во Албанија 68 и во Сирија две. (Атанасије Урошевић, Косово, Насеља и порекло становништва, Београд, 1965, 95). Од областа на Горна Морава до крајот на дваесетите години во Турција се иселиле над двесте албански домакинства. (Истиот, Горња Морава и изморник, Насеља и порекло становништва, књига, 28, Београд, 1935), додека според проучувањата на истиот автор во областа на Новобрдска Крива Река, односно југоисточниот дел на Косово до 1930 година во Турција и Албанија се иселиле 87 албански домакинства (Атанасије Урошевић, Новобрдска Крива Река-антропогеографска испитивиња, Насеља и порекло становништва, књига, 32, Београд, 1950); Според проучувањата на д-р Јован Трифуноски од областа на Качаничката клисура (јужниот дел на Косово), од Балканските војни до 1940 години во Турција се иселиле се иселеле 63 албански семејства, од кои од градчето Качаник имало над триесетина. (Јован Ф. Трифуноски, Качаничка клисура, Насеља и порекло становништва, књига, 32, Београд, 1950, 53-95)

години продолжила и миграцијата на дел од нетурските муслимани од Вардарскиот дел на Македонија кон Турција.[33]

Со тек на време иселувањето на турското и останатото муслиманско население од Југославија правно било регулирано со одредби во Законот за државјанство од 1928 години.[34] Според официјалната државна статистика од Југославија во Турција во периодот 1927-1939 година се иселиле 13.678 жители.[35]

Всушност преку иселувањето на турското население југословенските влади настојувале да дојдат до договор со Турција за иселување и на дел од останатото муслиманско население пред се албанското.[36] Во 1925 година биле воспоставени дипломатски односи помеѓу Кралството СХС и Турција, после што започнале разговорите за планско иселување на дел од државјаните на Кралството, со муслиманска вероисповед во Турција. Југословенските власти имале цел турско-романскиот договор од 1934 година за иселување на турското население од Добруџа, да го претстават како основа за разговорите со турските власти. Во ноември 1933 година во Белград бил потпишан југословенско-турски договор за пријателство, а се разговарало и за имотите на турските големопоседници кои потпаднале под ударите

---

33 Така од селата населени со албанско население во Кумановско и Прешевско, за периодот 1912-1940 година, се иселиле 53 семејства во Турција, што во однос на вкупниот број на населението било незначително. (Јован Ф. Трифуноски, Кумановско-Прешевска Црна Гора, Насеља и Порекло Становништва, књига, 33, Београд, 1951, 111). Но во некои области иселувањето на муслиманското население меѓу двете светски војни било помасовно. Во Скопско, Морани, населено со албанско население после Првата светска војна во Турција се иселиле 64 семејства, но 12 веднаш се вратиле по што бранот на иселување не продолжил. Од оваа област масовно се иселувале и Македонците муслимани. Од Држилово меѓу двете светски војни се иселиле 40, а од Умово 34 семејства, што било доста голем процент од вкупното население на селата. (види: Јован Ф. Трифуноски, Слив Маркове Реке-антропогеографски проматрања, Скопје, 108, 180, 184)

34 Со Законот било предвидено „несловенските" државјани на Кралството СХС да можат да истапат од државјанство во наредните пет години, при што веднаш би биле избрашани од војните и општинските списоци, а Министерскиот совет би им дал олеснувања при иселувањето и продажбата на имотот. (Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine-između stihije i državne akcije...,89)

35 Statistički godišnjak Kraljevine Jugoslavije, 1930-1940, knj, II-X, Beograd, 1933-1941; Според податоците од Министерството за надворешни работи до 1935 година врз основа на изјавите за истапување од државјанство од Југославија во Турција се иселиле 21.500 лица. (види: Vladan Jovanović, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju „neslovenskog elementa" u Tursku (1935), 112)

36 Иселувањето на албанското население од пограничните подрачја на југословенско-албанската граница, особено во предвечерито на Втората светска војна било едно од главните безбедносни прашања разгледувано од Министерството за војска и морнарица на Кралството Југославија. Види: Димитрије Богдановић, Књига о Косову, Београд, 1986, www.rastko.rs/kosovo/istorija)

на аграрната реформа.[37] Од 1935 година во Белград се одржувале состаноци на високо државно ниво на кои се разговарало за идните преговори со Турција, за спогодбено иселување на турското и муслиманското население со „турска култура“. Во септември 1935 година во Министерството за надворешни работи во Белград, се состанале претставници од пет министерства и Генералштабот, со цел да го разгледаат прашањето за можното иселување на дел од муслиманското население од државата. Бил составен и проект од т.н...“Комитет на интерминистеријалната конференција за иселување на несловенскиот елемент од Јужна Србија“.[38] Всушност, на оваа конференција повеќе се разговарало за проблемот со компактноста на албанското население, особено долж југословенско-албанската граница.[39] Еден од учесниците на конференцијата, советник во Министерството за надворешни работи, Миливоје Миличиќ, истакнал: „Турците во нашата земја претставуваат мирен елемент, отсечен од метрополата и не се подложни на националистичка пропаганда. Кај Арбанасите (Албанците) состојбата е сосема различна со оглед на фактот дека се густо населени во граничните предели (во некои околии и до 90%). Ние сме во пријателски односи со Турција и во рок од неколку месеци можеме да го решиме прашањето со иселување на Турците.

[37] Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941)...,228

[38] Во работата на конференцијата учествувале претставници на Министерството за надворешни работи, од Министерството за земјоделство, од Министерството за внатрешни работи, од Министерството за финансии и од Министерството за сообраќај, како и претставник од Генералштабот. На состанокот меѓу другото било истакнато дека прашањето на иселувањето на Турците и останатите муслимани од јужните краишта било ургентно, бидејќи компактните маси на Турци и Албанци долж границите претставувале национален и воено стратешки проблем (види: Vladan Jovanović, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju „neslovenskog elementa“ u Tursku (1935)..., 114)

[39] Албанското население живеело компактно и во големо мнозинство особено во некои предели на косовско-метохиската област. Во метохискиот округ српското население претставувало неполни 20% од вкупното население, додека албанското 78%. Во пограничниот и стратешки град Ѓаковица, Србите претставувале само 15% од населението, а Албанците 82%. Во косовскиот округ српското население претставувало 27%, а албанското 63%. Во некои околии албанското население било над 90%. (спореди: Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године..., 94-110) Заради ваквата етничка состојба на теренот властите тежиштето на меѓувоената колонизација го ставиле токму на косовско-метохиската област. Всушност колонизацијата не била вршена заради населување на ретко населените краеви, или на имотите напуштени од турското и муслиманското население, туку пред се заради етнополитички и стратешки причини. Во 1919 година колонизацијата започнала најпрвин во областа околу Гњилане, Метохија и Лабската овласт и помалку во околината на Скопје и Куманово,а потоа и во Косовската котлина, Дреница и Повардарието. (види: Атанасије Урошевић, Аграрна реформа и насељавање, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937, 828-833). Но колонизацијата не ги дала очекуваните резулати.

Турција ги прима сите луѓе со турска култура и на тој начин би можеле да иселиме и еден дел од Арбанасите".[40]

Настојувањата на југословенската влада да постигне договор со Турција за иселување на дел од муслиманското население од државата се реализирале во 1938 година. Предлогот за формирање на мешовита комисија за иселување потекнал од турскиот министер за надворешни работи Ружди Арас.[41] Во јуни 1938 година во Истанбул се одржала конференција чија цел меѓу другото, била да ги разгледа сите можности за иселување на турското население од Романија и Југославија. Мешовитата комисија за иселување се состанала осум пати, при што биле разгледувани можностите за иселување. Конечно на 11 јули 1938 година била потпишана Конвенцијата со која било опфатено југословенското муслиманско население „кое зборува турски јазик и има турска култура".[42] Официјалната југословенска политика сосема тивко ја проследило информацијата до јавноста. Во белградска „Политика", во неколку редови се наведувало дека „Конвенцијата за иселување на Турците од Југославија била парафирана во Анкара."[43]

Географскиот простор од кој можело да се иселува населението се однесувал на 38 срезови (околии), од Македонија и Косово. Санџак и Босна не биле опфатени со иселувањето.[44] Според одредбите на конвенцијата Турција се обврзала да прими 40.000 семејства во рок од шест години.[45]

---

[40] Vladan Jovanović, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju „neslovenskog elementa" u Tursku (1935)..., 115

[41] Safet Bandžović, Ratovi i demografska deosmanizacija Balkana 1912-1941, Prilozi, br. 32, Sarajevo, 2003, 222, Турција не била задоволна од конвенцијата за иселување на муслиманите од Романија заради недоволно прецизните ставови за финансиските обврски на романската страна. Турската влада се жалела дека небила во можност да ги обезбеди сите потребни средства за населување на ова население на своја територија.

[42] Архив на Македонската Академија на Науки и Уметности, ф. Лазар Колишевски, к. 43, папка-2, DSIP, d-r Ales Babler drugu Lazaru Koliševskom. Zabeleška o sporazumu sklopljenom izmedju bivše Jugoslavije i Turske

[43] „Политика" 13.07.1938 (http://digital.nb.rs/novine/politika/1938) Во информацијата се наведува дека Комисијата за иселување образувана со цел проучување на прашањето за иселување на Турците од Југославија ја завршила работата со позитивен договор за двете пријателски и сојузнички земји. „Делегациите го парафираа текстот на конвенцијата за иселување на Турците од Југославија... Конвенцијата ќе биде потпишана по одобрувањето на двете влади, а на сила ќе стапи кога ќе биде ратификувана."

[44] Во конвенцијата за иселување биле опфатени следните срезови (околии): Призрен, Драгаш, Сува Река, Урошевац, Тетово, Гостивар, Ростуше, Дебар, Струга, Приштина, Качаник, Гњилане, Прешево, Преспа, Охрид, Кичево, Крушево, Брод, Прилеп, Битола, Кавадарци, Мариово, Неготино, Скопје, Куманово, Велес, Овче Поле, Штип, Кочани, Радовиш, Струмица, Дојран, Гевгелија, Крива Палнка, Кратово, Царево Село, Берово, Пеќ, Исток, К. Митровица, Ѓаковица, Ораховац, Подујево, Вучитрн и Дреница. (Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941)...,231)

[45] Меѓу 40.000 семејства не се предвидувало иселување на номадско население и на Роми.

Иселениците претходно требало да дадат писмена изјава за откажување од југословенско државјанство. Организираното иселување требало да започне 1939 година. Договорената отштета која Југославија се обврзала да и ја исплати на Турција изнесувала 500 турски лири по семејство. Члековите на семејствата кои би биле на листите за иселување требало да бидат ослободени од војната обврска.[46]

Но, против оваа Конвенција постоел голем отпор како во земјата така и надвор особено кај албанската влада. Во Тирана се истакнувало дека југословенско-турските преговори имаат за цел пред се иселување на албанското муслиманско население.[47] Набргу по потпишувањето на Конвенцијата починал Кемал Ататурк и таа не била ратификувана од Турција. Започнувањето на Втората светска војна пак, ги ставило ad acta дотогашните преговори.

Во изменети економско-политички околности почнувајќи од првата половина на педесетите години продолжил бранот на иселување на дел од турското и другото муслиманско население од Македонија, како континуитет на тн. „деосманизација" на Балканот.

(Рецензент: *проф д-р Виолета Ачкоска*)

---

[46] Со конвенцијата Југославија се обврзала дека нема да повикува регрути со исламска вероисповед од околиите предвидени за иселување. Организираното иселување требало да трае шест години, а напуштените селски имоти би станале сопственост на југословенската држава. Конвенцијата меѓу другото предвидувала и трансфер на иселениците и на нивниот движен имот до солунското пристаниште на трошок на југословенската влада. Доколку се исполнела квотата од 40.000 семејства југословенската влада требало да и исплати на Турција вкупно 20.000.000 лири. (спореди: Архив на Македонската Академија на Науки и уметности, ф. Лазар Колишевски, к. 43, папка-2; Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941).., 231-232; Vladan Jovanović, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju „neslovenskog elementa" u Tursku (1935)..., 119-121; Istiot, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine-između stihije i državne akcije..., 90-91)

[47] Đorđe Borozan, Velika Albanija; porijeklo-ideje-praksa, Beograd, 1995, 133-135; Албанската влада во триесетите години се обидувала да ги одврати Албанците кои се иселувале во Турција. По потпишувањето на Конвенцијата албанската влада гс испратила министерот за надворешни работи да интервенира кај турската влада од Конвенцијата да бидат иземени Албанците. (Safet Bandžović, Ratovi i demografska deosmanizacija Balkana...,225)

Borce ILIEVSKI

# POLICY OF THE KINGDOM OF SERBS, CROATS AND SLOVENES / YUGOSLAVIA ON THE MIGRATION MOVEMENTS OF THE TURKISH AND MUSLIM POPULATION FROM THE VARDAR PART OF MACEDONIA 1918-1941

**Abstract**

The military defeats and the retreat of the Ottoman Empire from the Balkan countries, in the XIX and in the beginning of the XX century, were the reason for significant ethnical and demographic changes of the Balkans. The emigration of the Turkish and Muslim population from Macedonia after the Balkan Wars was only a continuation of a longer process, which previously was carried out in the neighboring countries. Like the Turks, a part of the Macedonians – Muslims and the Albanians also migrated from the Vardar part of Macedonia. After the creation of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes / Yugoslavia, the Yugoslav governments, especially in the 30s, following the example of the Greece, Bulgaria and Romania, sought to conclude a treaty with Turkey for organized migration of the part of the Turks, but also other Muslims, above all Albanians. In 1938 the Yugoslav and the Turkish government signed a Convention on migration of 40.000 Turkish and Muslim families from the territory of Yugoslavia, i.e. from Macedonia and Kosovo. As a result of the domestic resistances, the foreign pressure and the beginning of the World War II, this Convention was not ratified by the both countries.

**Key wards**: BALKAN WARS, MIGRATIONS, TURKS, MUSLIM POPULATION, CONVENTION ON MIGRATION, TURKEY, KINGDOM OF SERBS, CROATS AND SLOVENES / YUGOSLAVIA.